ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-121/5**
**08.03.2023 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) ја издава следната

**П О Т В Р Д А**
**за заверка на одобрена планска програма**

Се одобрува Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за дел од УБ 1.5 КО Гевгелија, општина Гевгелија со тех.бр.3979 од март, 2023год.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот Магица Блажева од Гевгелија со адреса на ул.,,Јосиф Јосифовски,, бр.42 преку полномошник д.и.а Трајче Грков од Кавадарци во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.49724) поднесе барање за одобрување на Планска програма заведено под арх.бр.11-121/1 од 20.02.2023год., а изработена од ДПТУ “ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖИНЕРИНГ” Трајче дооел од Кавадарци, за Детален урбанистички план за дел од УБ 1.5 КО Гевгелија, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Планска програма со технички број 3979 од март 2023год., изработена од ДПТУ “ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖИНЕРИНГ” Трајче дооел од Кавадарци.

2. Графички приказ на Планска програма со граница на плански опфат.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 11-94/1 од 07.02.2022година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-121/4 од 06.03.2023година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20). Врз основа на тоа, се одобрува планската програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник на
општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov

Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2023.03.09 08:23:50 +01'00'